





Технички лист | 03/2020

# MP 75 SL супер лесен гипсен глет малтер за машинско малтерисување

## Опис на производот

Гипсениот малтер за машинско малтерисување MP 75 SL е супер лесна, претходно фабрички подготвена сува смеса на база на градежен гипс со специјални лесни додатоци за добивање на мазни површини во внатрешноста. Наменет е за машинска изведба на еднослоен гипсен глет малтер во внатрешноста на зградите. Смесата е со високи перформанси, лесна и лесно се обработува. Со неа може да се постигнат извонредно мазни површини на ѕидови и тавани. Може да се нанесува врз различни видови минерални подлоги.

■ Лесен гипсен глет малтер со класа на јакост B4/50/2 според EN13279-1

**Складирање**

■ Материјалот треба да се чува на суво место врз дрвени пелети на висина од најмалку 10 см од подот во времетраење од околу 6 месеци. Оштетените и искинати вреќи да се затворат херметички, а материјалот во нив да се користи со приоритет.

**Квалитет**

Во согласност со EN 13279-1 производот подлежи на првично испитување, како и на постојана внатрешна контрола на производство во фабриката и поседува CE ознака.

**Подрачје на примена**

Малтерот се користи за изработка на мазни површини на внатрешни ѕидови и тавани.
Може да се користи како еднослоен малтер врз:

■ Сите видови ѕидарии, бетон и цврсти подлоги за малтер.
■ Во сите простории со нормална влажност од подрум до кров, вклучително во кујни и бањи во домашни услови (на пример тоалети во училишта, бањи во хотели, болници, старечки и други социјални домови)
■ За изработка на површини со квалитет „Q1 – Q4 мазни“, како и „Q1 – Q4 извлечени“, „Q4 мазни“ во комбинација со еден од производите: Knauf Gips Finish, Knauf Extra Finish, Knauf Biofinish PRO, Knauf Finitura.
■ Како подлога за други облоги или тапети
■ Како подлога за лепење на плочки
■ Како подлога за декоративни малтери

**Карактеристики**

■ Лесен сув гипсен малтер за внатрешна употреба
■ Минерален
■ Лесен и со високи перформанси
■ Создава пријатна и здрава атмосфера
■ Ја регулира влажноста и е паропропустлив
■ Дополнителна функција за противпожарна заштита
■ Отпорен на абење и ковање на клинци
■ Дебелина до 50mm
■ За машинско и рачно малтерисување

**Пакување**

Вреќи 25 kg

# MP 75 SL

**Супер лесен гипсен глет малтер за машинско малтерисување**

## Изведба

| Подлога | Припрема на подлогата |
|---|---|
| Груб бетон со извадена оплата | Тест за апсорпција, површините што не апсорбираат да се грундираат со Knauf Betokontakt |
| Мазна бетонска површина | Да се отстрани од површината оплатното масло наменето за полесно отстранување на оплатата или евентуално други одделни слоеви. Да се грундира со Knauf Betokontakt |
| Ѕидарија од секаков вид | Да се грундира со Knauf Grundiermittel ако површината е многу впивлива или има места со различна апсорпција. |
| Лесни плочи на основа на дрвни влакна | Да се поставаат типли за малтер Knauf Putz Pin. |
| Лесни плочи на основа на дрвни влакна | нема |
| EPS елементи | Да се грундира со Knauf Betokontakt. |
| Постоечки гипсени и варовно-гипсени малтери | Ако е потребно да се отстранат постоечките одделни слоеви, стари наслојувања и да се грундира со Knauf Grundiermittel. |

### Припрема
Подлогата треба да биде стабилна, сува, рамна, обезпрашена и обезмастена, како и исчистена од остатоци од одделни слоеви. Припремата на подлогата треба да се направи во согласност со табелата. Градежните елементи, кои се чувствителни на нечистотии треба да се заштитат првично во согласност со упатствата за чистење на лепила и облоги наменети за боја и мозаици.

Бетонски подлоги

Да се работи според упатствата за гипсени малтери и малтери со гипсени компоненти. Максимално дозволената влажност на бетонските површини треба да е помала или еднаква на 3% од масата. Бетонските површини не треба да содржат вода на својата површина (на пример вода од врнежи или кондензација), како и различни нечистотии. Кога треба да се малтериса највисоката плоча на една зграда, пред започнување со малтерисување треба да се отстрани топлинската изолација и хидроизолацијата.

### Мешање
Машинско мешање

Дозирањето на водата се регулира за да се добие соодветна конзистентност (околу 1 бар/метар од цревото за готовиот малтер). Прекините на шприцањето треба да се во согласност со температурата – најмногу 10-15 минути. При подолги прекини машината и цревата треба да се исчистат.

### Рачно мешање
Смесата од една вреќа се меша со чиста вода без дополнителни додатоци до добивање на соодветна конзистентност за работа. При мешањето да се користи чиста вода и да не се користат никакви додатоци. Алатот и уредите да се исчистат со вода по употребата.

### Работа со материјалот
За добивање на мазни површини, машински шприцаниот малтер се распоредува со Н-профилна летва во хоризонтална и вертикална насока (средна дебелина на малтерот 10 mm, минимална дебелина 8 mm). Откако малтерот ќе се нанесе тој се влече со трапезна летва, при што се формираат и аглите. Доколку е потребно површините можат да се обработат завршно со глетарка за малтер. Откако површината ќе се навлажни таа се филца со помош на сунѓереста папуча до формирање на гипсено млеко врз неа, при што се прави израмнување и филцање на малите нерамнини. По лесно сврзување на малтерот, може да се испегла со глетарка за малтер или глетарка. Доколу помеѓу ѕидовите и таваните има лабави и лошо прицврстени елементи, како на пример различни шупливи профили, слојот од малтер треба да се одвои со фуга од тие елементи. Место фуга се препорачува користење на Knauf арматурна мрежа за малтер отпорна на алкални средини 10x10mm за армирање пред нанесување на малтерот.

По стврднување на малтерот доколку има делови од мрежата кои штрчат тие треба да се исечат. Q4 може да се постигне со користење на еден од производите: Knauf Gips Finish, Knauf Extra Finish, Knauf Biofinish PRO, Knauf Finitura.

### Дебелина на малтерот
Средна дебелина на малтерот 10 mm, минимална 8 mm. Препорачливо е електриката да биде вкопана. Во случај на надворешна инсталација, ако имаме врзување со кородирана жица, истата да биде премачкана со заштитна боја. Минималната дебелина на малтерот над кабелот е 5 mm. Во посебни случаи врз ѕидот може да се нанесе еднослоен малтер со дебелина до 35 mm. Во случај на поголеми дебелини малтерисаната површина се порамнува, се остава да подзасуши (2 часа), се врши повторно тенко дошприцување на малтер на кој што се вметнува рабиц мрежа и финално домалтерисување со употреба на сите фази на обработка на MP 75 SL.

Армирано-бетонски плочи: Малтерот се нанесува на таваните само во еден слој со дебелина на слојот од најмногу 15mm. При системи за ладење на таванот со употреба на Knauf PutzPin 18 и дебелина на слојот од 20 до 25 cm.
Како подлога за лепење на плочки: Во висина на плочките малтерисувањето да се изврши во груба но рамна површина. Со назабена глетарка хоризонтално да се изработи малтерот. На исушена и без прашина површина да се премачка Кнауф Betokontakt. Кога ќе се исуши подлогата да се пристапи со лепење на плочките.
Плочи и елементи од EPS како и лесни плочи на основа на дрвни влакна: да се малтерисаат еднослојно и да се армираат на целата површина (види армирање на малтер), минимална дебелина 15mm.

### Армирање на малтерот
При промена на материјалот на подлогата за малтер, при изолациски плочи и друго треба да се постави Knauf арматурна мрежа за малтер отпорна на алкални средини 10x10mm со минимално преклопување 10 cm на мрежата и 20 cm преклопување кон сите странични елементи. Мрежата за армирање се поставува во првата третина од дебелината. Целосното нанесување на малтерот се прави во два слоја - „мокро на мокро“, при што површината на првиот слој сеуште не е стврдната кога се нанесува вториот слој.

# MP 75 SL

**Супер лесен гипсен глет малтер за машинско малтерисување**

## Изведба

Минималната дебелина на малтерот е 10 mm. Треба да се има во предвид дека малтерот не е конструктивен елемент, а само дел од завршните работи. Поради тоа конструктивните елементи треба да ги исполнуваат барањата на нормативите.

**Машини / Опрема**

| | |
|---|---|
| Машина за малтерисување Knauf PFT | G4/G4 |
| Статор | D6-3 (pin) |
| Ротор | D6-3 |
| Црева за малтер | Φ25 mm |
| Растојание за испумпување на влажниот малтер | до 30 m |

Машини за транспорт на сув материјал

Knauf PFT SILOMAT trans plus 100 (до 100m растојание) или Knauf PFT SILOMAT trans plus 140 (до 140m растојание). Капацитет 20kg/min.

**Време за обработка**

Во зависност од подлогата – околу 180 мин.

**Работна температура/ Климатски услови**

Да не се работи при температура во просторијата под 5 ˚C. Свежиот и нанесениот малтер да се заштитат од студ и мрзнење.

**Сушење**

Да се обезбеди добра вентилација во просторијата за брзо сушење на малтерот. Време за сушење: При дебелина на малтерот од 10mm според влажноста и температурата во просторијата, околу 14 дена.

При неповолни услови на температура и влажност, времето на сушење може да се продолжи.

**Упатство за безбедност и употреба**

Видете го безбедносниот лист.

**Премази и облоги**

За сите премази и облоги малтерот треба да биде сув, обезпрашен и без лабави делови. Врз малтерот да се нанесе грунд пред нанесување на материјали за бојадисување/премази/облоги, по правило со темелен премаз за впивливи подлоги Knauf Tiefengrund. При поставување на тапети да се третира со соодветна паста.

**Бои**

Гипсениот малтер е погоден за сите видови на бои, со исклучок на оние на алкална основа.

**Подлога за плочки**

Површината наменета за керамички плочки не се глетува ниту филува. Во груба но рамна изведба, со назабена глетарка во висина на керамиката. Хоризонтално се извлекуваат влабнатини. После сушењето се премачкува со Knauf Betokontakt. Површината мора да биде потполно исушена за нанесување на Knauf лепак (Flexklaber). Плочките се фугираат после сушење на лепакот.

**Подобрување на противпожарна заштита**

Без типли за малтер (до 15mm дебелина на малтерот)
За примена како бетонска обвивка на арматурата важи: дебелина на малтерот 10mm = 10mm еквивалентна дебелина на бетонот.

**Со незапаливи типли за малтер**

При дебелина на малтерот поголема од 15mm и помала од 25mm е потребно поставување на незапаливи типли за малтер. Во овој случај 8mm дебел малтер над типлите за малтер е еднаков на 10mm обичен бетон. Малтерот треба да ги надминува типлите за малтер со повеќе од 10mm.
За да се добие мазна површина на малтерот, пред бојадисувањето може да се нанесе завршен глет Knauf Extrafinish, Knauf Gips Finish или Knauf Finitura.
Сите податоци имаат ориентациски карактер и можат да се менуваат во зависност од подлогата.
Производот е во согласност со EN 13279-1.
Тој подлежи на фабричка контрола и има CE ознака.

## Технички податоци

| | |
|---|---|
| EN13279 | |
| Насипна густина | 750-800kg/m$^3$ |
| Површинска цврстина | > 5,0N/mm$^2$ |
| Јакост на свиткување | 1,0N/mm$^2$ |
| Јакост на притисок | > 2,0N/mm$^2$ |
| Густина | приближно 800 kg/m$^3$ |
| Коефициент на дифузија на водена пареа | 5 |
| Топлинска спроводливост | 0,30W/mK |
| Коефициент на пренос на топлина | 0,24(W/mK) |

## Потрошувачка на материјал на MP 75 SL

| | |
|---|---|
| Дебелина на нанесување mm | 10 |
| Потрошувачка kg/m$^2$ | 7,0-7,5 |
| Потрошувачка m$^2$/ вреќа | 3,4-3,6 |
| Потрошувачка m$^2$/ тон | околу 140 |

Тел: + 389 (0)2 32-35-750
Факс: + 389 (0)2 32-35-760
www.knauf.mk
e-mail:info@knauf.com.mk

**Кнауф ДООЕЛ Скопје**, Бул. Александар Македонски 66, Поштенски фах 17, 1130 Скопје, Тел:+389 (0)2 32-35-750, Факс:+389 (0)2 32-35-760

Издание: 03 2020 година

Кнауф ДООЕЛ Скопје го задржува правото на технички промени. Валидно е соодветното најново издание. Гаранцијата, дадена од Кнауф ДООЕЛ Скопје се однесува само за квалитетот на материјалот од Кнауф ДООЕЛ Скопје. Конструктивни, статички и градежно-физички својства на системите од Кнауф ДООЕЛ Скопје можат да се постигнат со примена на одделни компоненти или други производи, само при изрично одобрување од Кнауф ДООЕЛ Скопје. Податоците за потрошувачката, количината и изведбата се искуствени и во случај на отстапување од поставените услови не можат да имаат примена без да се усогласат со соодветните спецификации.
Сите права на интелектуална сопственост се задржани и припаѓаат на Кнауф ДООЕЛ Скопје. Измени, издавање, употреба, репродукција, дистрибуција и фотомеханичка репродукција, вклучувајќи и изводоци, можат да се прават само со изрична претходна согласност од Кнауф ДООЕЛ Скопје.